Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 10.07.2020

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Е.А.(29) од Охрид, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги“. Тој, на 14.12.2019 набавил кокаин, кој подоцна, пред угостителски објект во Охрид му го понудил на друго лице и му овозможил нејзино користење. Пријавениот, поради предозираност со кокаин, на 15.12.2019, во неконтактибилна состојба, бил донесен во Општата болница во Охрид.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против М.К.(43) и Б.П.(32), двајцата од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба“. Тие, во текот на март оваа година, со физичка сила влегле во угостителски објект на ул.„Партизанска“ во Струга и одделе повеќе апарати и бела техника, со што се стекнале со противправна имотна корист во износ од 250.000 денари.

На 10.07.2020 во 00.05 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул.„Македонски војски“ го лишиле од слобода Л.З.(27) од Гостивар, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.07.2020 во 23.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул.„Ѓорче Петров“ ги лишиле од слобода М.С.(31) и Ш.М.(30), двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.07.2020 во 15.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул.„Вењамин Манчуковски“ го лишиле од слобода Н.Н.(39) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.07.2020 во 21.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул.„Милан Зечар“ го лишиле од слобода Ф.В.(30) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.07.2020 во 19.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул.„Скупи“-Зајчев Рид, го лишиле од слобода А.М.(32) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.07.2020 во 16.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Градскиот парк во Скопје го привеле Д.Р.(43) од Тетово, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.07.2020 околу 22.30 на регионалниот пат Велес – Прилеп, во атар на с.Присад, прилепско, патничко возило „фолксваген голф“, со прилепски регистарски ознаки, управувано од Д.Ш.(26) од Прилеп, излетало од патот. Во незгодата, сопатникот М.Х.(35) од Прилеп се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општа болница Прилеп, каде потоа починал. Додека, пак, Д.Ш. се здобила со телесни повреди. Увид на местото извршиле Јавен обвинител и увидна екипа на Полициската станица Прилеп.

На 09.07.2020 во 17.45 часот било пријавено дека во Скопје на ул.„Скупи“, патничко возило „фолксваген“, со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.Б.(35) од Скопје удрило во пешакот Ф.Ј.(57) од с.Шишево, скопско. Во незгодата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза“, каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 09.07.2020 во 07.15 часот било пријавено дека на автопатот Скопје-Тетово, пред наплатна станица Желино, товарно возило „нисан“, со скопски регистарски ознаки, управувано од Ч.Б.(53) од Скопје, излетало од коловозот. Во незгодата возачот се здобил со тешки телесни повреди, а сопатникот Д.С.(36) од Скопје се здобил со телесни повреди, констатирани во тетовската клиничка болница, каде што биле пренесени за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Тетово.

Во текот на 09.07.2020 година на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се три возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, еден возач бидејќи поминал на црвено светло и 32 возила се подигнати со специјално возило „пајак“.
Отсекот за компјутерски криминал при СВР Битола поднесе кривична пријава против З.И.(45) од с.Горно Крушје, ресенско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста“, казниво по член 144 став 4 од Кривичниот законик. На 28.06.2020 околу 16.40 часот пријавениот креирал лажен профил на социјалната мрежа „Фејсбук“ од кој, на официјален „Фејсбук“ профил на туристичка агенција од Битола, која е овластен превозник на вработени во фирма во Битола, испратил порака со закажувачка содржина дека на комбината и автобусите има поставени бомби кои ќе се активираат кога ќе пристигнат пред фабриката, заедно со вработените во агенцијата. После неколку минути, истата порака ја поставил на „Фејсбук“ профилот на агенцијата. Слични пораки со закажувачка содржина, од лажно креирани профили, пријавениот повеќе пати им испраќал и на одговорни лица во фирмата каде претходно работел, а во знак на реванш за добиениот отказ.

На 09.07.2020 во 10.30 часот, врз основа на наредба на Основен суд Струмица, полициски службеници од СВР Струмица извршиле претрес во домот на И.К.(24) од с.Моносштипско, струмичко, при што било пронајдено марихуана, 33 патрони за ловна пушка и кутија со барут за ловна муниција. Тој бил лишен од слобода и приведен во полициска станица, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.07.2020 околу 18.00 часот во тетовско Боговиње, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Л.З.(32) и Ф.И.(42) од ова село, затоа што при нивен и преглед на возилото „фолксваген голф 3“, со скопски регистарски ознаки, во кое се превезувале, била пронајдена марихуана. Двајцата биле задржани во Полициската станица Тетово и по целосното расчистување и документирање на случајот ќе им биде изготвен соодветен поднесок.

На 09.07.2020 околу 18.40 часот на регионалниот пат Брвеница-Тетово, непознат мотоцикл удрил во велосипед „ортлер“, што го управувал А.А.(64) од Тетово, по што го напуштил местото. Притоа, велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во тетовската Клиника болница, каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од СВР Тетово.

На 10.07.2020 во 10.20 часот во Полициската станица Гази Баба било пријавено дека на ул. „Срејко Пужалка“ во Скопје било извршено оштетување на штаб на политичка партија, односно на предниот дел на стаклото биле испишани графити со навредлива содржина. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.07.2020 во 22.20 часот во СВР Скопје, Л.Д.(18) од Скопје пријавила дека во 21.45 часот, пред угостителски објект во Градски парк Скопје, додека била со своите познаници С.Н. и Е.Н, по претходно недоразбирање, била физички нападната од Д.И.(38) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 4 и 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 09.07.2020 во 23.40 часот во СВР Скопје, Н.П.(29) од Скопје пријавил дека во 21.40 часот на крстосница помеѓу бул.„Партизански одреди“ и бул.„ВМРО“ во Скопје, додека бил застанат на семафор со негово патничко возило „citroen C4“, со скопски регистарски ознаки, од патничко моторно возило „БМВ“, со непознати регистарски ознаки, излегло едно лице и физички го нападнало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.07.2020 во 21.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред маркет на ул.„Алексо Демиревски“, поради меѓусебно нетрпение, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.Ч.(32) и В.С.(44), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.07.2020 во 19.15 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, С.М.(50) од Скопје пријавила дека околу 09.00 часот од домот се оддалечил нејзиниот син О.М.(24) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 09.07.2020 во 10.10 часот во СВР Тетово, З.А.(23) од Тетово пријавил дека на ул.„Ѓорче Петров“ во Тетово бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Б.А.(30) од с.Тиун, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на лични податоци“ и „ширење на фалсификувани и злонамерни материјали по пат на компјутерски систем“. На 17.05.2020 на социјалната мрежа „Фејсбук“, пријавениот објавил фотографии од двајца полициски службеници без нивна согласност и напишал коментар со кој поттикнува омраза.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Љ.Т.(50) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа“ и „употреба на исправа со невистинита содржина“. Пријавениот, откако во 2016 година купил патничко возило „мерцедес“, со национална ознака на Р.Австрија од лице од с.Лојане, општина Липково, кое извршило увоз без завршени царински и регистрски законски процедури во државата, па изготвил фалсификуван купопродажен договор во кој внел лажни податоци, меѓу кои дека возилото го купил од од Р.Австрија, со лажен датум на купопродажба. Ваквиот купопродажен договор го употребил во правниот сообраќај во неколку наврати и тоа пред Царинска управа, Министерство за економија – Биро за метрологија, Техничка служба - Центар за хомологација и Отсек за управни работи при МВР, од каде му биле издадени царинска декларација, потврда за исполнетост на статус, согласност за регистрација, регистарски таблички и сообраќајна дозвола.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Ж.К.(31) од с.Сопот, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „вршење на јавен превоз без лиценца“, „злоупотреба на службена должност и овластување“ и „фалсификување на исправа“ и против Б.Б.(65) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата“ . На 03.11.2019, правопријавениот со своето возило вршел јавен превоз на огревни дрва без лиценца, која ја издава Министерство за транспорт и врски. Истиот ден бил товарен со огревно дрво - 20 метри просторни од сечата на Шумско стопанство „Бор“, подружница Кавадарци и од магацинот, со две испратници, бил упатен во с.Росоман да растоварува на две места по 10 метри простории. Кај оштетената С.И. во с.Росоман растоварил осум метри простории, наместо 10 метри согласно испратницата, со што го злоупотребил неговото посебно овластување или должност и за себе прибавил материјална корист, нанесувајќи штета на друго лице. По истоварот на двете места во с.Росоман отишол во Кавадарци, каде што извршил „фалсификување“, односно допишал друга адреса и количина на веќе искористена испратница за дотур на дрва до с.Росоман, па во Кавадарци кај Т.С. истоварил четири метри простории, приложувајќи ја фалсификувана испратница. Второпријавениот на 24.09.2019, со неизвршување на својата службена должност и со пропуштање на должен надзор, овозможил да биде склучен договор помеѓу ЈП „Национални шуми“ – Подружница ШС„Бор“ Кавадарци и правно лице од с.Сопот, кавадаречко, овозможувајќи му на првопријавениот да врши јавен транспорт на дрва со техники неисправно (нерегистрирано) возило, кое не ги исполнувало критериумите за таа намена.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.А.(35) од с.Доброште, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама“. На 30.12.2019, пријавениот се договорил со оштетената С.А.(46) од Тетово да ѝ продаде кајна, но ѝ кажал дека поради голем број на нарачки, кајната ќе ја монтирал во текот на март и ѝ побарал капар од 33.825 денари. Таа му ги дала парите, а потоа пријавениот отишол кај оштетената да земе мерки и ѝ рекол дека во рок од неколку дена кајната ќе биде готова и монтирана. По два месеца оштетената имала телефонски разговор со пријавениот, кој ѝ кажал дека поради настанатата состојба со вирусот ковид-19 бил принуден да ја затвори продавницата и дека мора да почека до следниот месец, за што навреме ќе ја контактира. На 05.06.2020 оштетената повторно го контактирала пријавениот и тој повторно ѝ рекол дека за неколку дена ќе ја монтира кајната и од тогаш не ја контактирал. По преземени мерки било утврдено дека пријавениот се наоѓал надвор од државата.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Виница поднесе кривична пријава против Л.Д.(25) од Виница, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. На 27.05.2020, за време на полициски час, пријавениот физички го нападнал М.Д. пред неговата семејна куќа во Виница, за што бил поднесено барање за поведување на прекршовна постапка по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

СВР Куманово поднесени кривични пријави против Ш.А.(27), И.Р.(76) и Ф.С.(38), тројцата од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. Пријавените, од 06.07.2020 до 09.07.2020, без дозвола и без оправдана причина за истиот дел затекнати надвор од своите домови и не се придржувале кон воведената мерка „забрана на движење на подрачјето на Р.С. Македонија“, со цел спречување на ширење на заразната болест ковид-19 и заштита на населението.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет